Citizens for change!

# ЦИВИКА МОБИЛИТАС
# ГРАНТОВИ ЗА ГРАЃАНСКИ АНГАЖМАН

## ПОВИК ЗА ПРЕДЛОЗИ
## референтна ознака ЦМ-ГГА

Рок: 12 АПРИЛ 2024 г., 13:00ч.

# ВОДИЧ ЗА АПЛИКАНТИТЕ

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
NIRAS FCG.
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската амбасада кој го спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска

# ВОВЕД

Грантовата шема на Цивика мобилитас вклучува два вида грантови:

- Партнерски грантови (ПГ)
- Грантови за граѓански ангажман (ГГА)

**Овој повик за предлози со референтна ознака ЦМ-ГГА е за грантови за граѓански ангажман.**

**Сите формално регистрирани здруженија на граѓани, фондации и непрофитни истражувачки организации во Северна Македонија имаат право да аплицираат на овој повик.**

- Апликантите треба да имаат предвид дека во тековната фаза на Цивика мобилитас (2023-2026) <u>само еднаш</u> може да им биде доделен партнерски грант или грант за граѓански ангажман.
- Добитниците на партнерски грант (носители и партнери) во тековната фаза на Цивика мобилитас (2023-2026) **немаат право** да се пријавуваат на овој повик за грантови за граѓански ангажман.

Во овој повик за грантови за граѓански ангажман, пријавите **МОРА** да имаат <u>еден носител и најмалку **ДВА партнери**</u>. Апликантите на овој повик ќе се сметаат за <u>подобни</u>, доколку испратат <u>**само една пријава**</u> во било која улога (било како носител или како партнер).

Цивика мобилитас автоматски ќе ги елиминира пријавите кои се испратени од апликанти кои поднеле повеќе од една пријава во било која улога!

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ....2

СОДРЖИНА ....3

1. ОСНОВА....4

2. ГРАНТОВИ ЗА ГРАЃАНСКИ АНГАЖМАН ....5
2.1. Цели и резултати ....5
2.2. Приоритети....5
2.3. Расположливи средства ....6
2.4. Кофинансирање ....6

3. КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ....6
3.1. Актери ....7
3.1.1. Апликант носител ....7
3.1.2. Партнери ....7
3.1.3. Соработници ....7
3.2. Грантови ....7
3.2.1. Големина на грантот ....7
3.2.2. Времетраење ....7
3.3. Активности ....8
3.4. Трошоци ....8
3.5. Број на пријави ....9

4. Процес на аплицирање за ОВОЈ ПОВИК за предлози ....9
4.1. Аплицирање ....9
4.2. Краен рок ....10
4.3. Прашања и одговори....10
4.4. Информативни средби ....10

5. ОЦЕНКА ....11
Чекор 1 – Административна проверка и проверка за подобност ....11
Чекор 2 – Оценување на пријавите ....11

6. АДМИНИСТРАТИВНА, ПРАВНА И ФИНАНСИСКА ВЕРИФИКАЦИЈА....12

7. ДОДЕЛУВАЊЕ ГРАНТ ....12

8. ПРЕЛИМИНАРНА ВРЕМЕНСКА РАМКА ....12

9. ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ....12

10. ЛОГИЧКА РАМКА НА ЦИВИКА МОБИЛТИАС....13

# 1. ОСНОВА

**Цивика мобилитас** е проект на Швајцарската амбасада кој го спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска). **Визијата** на програмата Цивика мобилитас од нејзиниот почеток од 2009 г. е Северна Македонија во која граѓанското општество игра позитивна улога во реализацијата на потенцијалот на земјата и на сите нејзини граѓани.

Цивика мобилитас останува фокусирана на **општествени промени**. Тие треба да бидат водени од легитимно, силно и ефикасно граѓанско општество, со активни граѓани кои се вклучуваат во него и подобра соработка помеѓу властите, граѓанското општество и граѓаните. Граѓаните треба да бидат вклучени во процесите на креирање политики и донесувањето одлуки на централно и на локално ниво.

Последната фаза на Цивика мобилитас (2023-2026 г.) ќе работи со следните целни групи:

- **Граѓански организации (ГО)**, кои ќе бидат финансирани и поддржани за да се подобри нивното работење, особено во соработката со властите за подобрување на околината за развој на граѓанското општество, градење силни конституенти и зголемување на нивното влијание врз политиките и донесувањето одлуки.

- **Граѓани**, кои ќе бидат мотивирани и одлучни да учествуваат во граѓански иницијативи и кои ќе ја зајакнат нивната соработка и ангажман со ГО, а со тоа ќе ја зголемат самодовербата да направат општествени промени и да ја зголемат довербата во ГО.

- **Власта/органите на власта**, кои ќе бидат поддржани за да ја зацврстат и подобрат околината за развој на граѓанското општество, особено преку зголемување на државното финансирање за ГО, проширување на постојните и обезбедување нови простори за граѓанско општество, и за подобрување на нивната отвореност и одговор кон ГО кои учествуваат во процесите на креирање политики и донесување одлуки.

Овие три групи ефикасно и ефективно ќе работат заедно кон:

- Проширување на граѓанскиот простор
- Зајакнување на одржливоста на граѓанските организации
- Зголемување и промовирање на ефективна примена на транспарентноста, отчетноста и инклузивноста – суштински димензии на демократското владеење - од страна на државата, општините и граѓанското општество.

Целната група на Цивика мобилитас се **здруженијата, фондациите и сојузите** регистрирани според Законот за здруженија и фондации (2010 година) и непрофитни истражувачки организации. Граѓаните се добредојдени да учествуваат во речиси сите активности на Цивика мобилитас спроведувани од тимот на програмата или од граѓанските организации што ги поддржува. Другите актери на граѓанското општество и јавниот сектор исто така може да учествуваат во програмата Цивика мобилитас, како соработници или како учесници на некои од настаните.

Оваа последна фаза на Цивика мобилитас има пофокусиран пристап во споредба со претходните фази. Некои активности се приоретизирани, а дел ќе бидат децентрализирани и/или интегрирани во активностите на грантистите. Грантовската компонента е изменета и насочена кон  два типа грантови (партнерски грантови и грантови за граѓански ангажман). Со овој пристап програмата се ориентира на поддршка на партнерски грантови – составени од најмалку три (3) или повеќе ГО.

Во фокусот на Цивика мобилитас се наоѓа „**Заедницата на Цивика мобилитас**", која се состои од сите граѓански организации (грантисти и партнери) кои имале придобивки од грантовите или другите активности на програмата за време на претходните фази (2009-2023). Цивика мобилитас, заедно со граѓанските организации, работеше на создавање добро управувана, децентрализирана и инклузивна Северна Македонија, поодговорна кон правата и потребите на нејзините граѓани. Надградувањето ќе продолжи и во тековната (последна) фаза (2023-2026), користејќи ги достигнувањата од претходните фази како дел од добрите практики. На тој начин ќе се придонесе за влијанието и одржливоста на претходните резултати и постигнувања. Исто така, ќе обезбеди критичен број членови на заедницата (сегашни и претходни грантисти) да бидат вклучени во програмата. Цивика мобилитас промовира рамномерен развој на граѓанското општество низ земјата со цел да го намали јазот помеѓу урбаните и руралните области, помеѓу Скопје и останатите региони и помеѓу различните општествени сектори.

Цивика мобилитас се состои од следниве инструменти и методи на работа:

- **Грантови:** Партнерски грантови и грантови за граѓански ангажман;
- **Активности за поттикнување на граѓанскиот ангажман:** средби за вмрежување, национални форуми, фестивали и тематски форуми
- **Платформа за споделување дигитални податоци и истражување и развој**

# 2. ГРАНТОВИ ЗА ГРАЃАНСКИ АНГАЖМАН

## 2.1. Цели и резултати

Предложените активности треба да придонесат кон остварување на **општата цел** на програмата Цивика мобилитас:

*Општествените промени во Северна Македонија се водени од силен граѓански сектор, активни граѓани и добра соработка со властите, што резултира со проширен граѓански простор, поодржливи граѓански организации од кои произлегува потранспарентно, отчетно и социјално-инклузивно управување на национално и локално ниво*.

Оваа фаза на Цивика мобилитас предвидува три резултати:

**Резултат 1:** Зголемен граѓански ангажман и доверба во граѓанското општество преку информирани и активни конституенти на ГО вклучени во заеднички граѓански иницијативи.

**Резултат 2:** Креирањето политики и донесувањето одлуки имаат придобивки од зајакнатото граѓанско општество и зголеменото граѓанско учество.

**Резултат 3:** Околината за развој на граѓанското општество е подобрена особено во областа на диверзификација на финансирањето (јавно и приватно) за граѓанското општество.

## 2.2. Приоритети

**Целта на овој повик за предлози** е да се поддржат интервенции кои ќе го зголемат активното вклучување и учество на граѓаните во планирањето и спроведувањето на проектите и ќе ја подобрат вклученоста на граѓаните во управувањето со ГО. Предложените активности треба да придонесат за зголемување на знаењето и довербата во граѓанското општество. Затоа овие грантови се наменети за поддршка на **спроведување конкретни акции** за ангажирање на граѓаните (Резултат 1) во сите **осум** плански региони.

Ќе се додели **<u>најмалку по еден грант за секој од осумте плански региони</u>**, со што ќе се опфати целата територија на државата. **Апликантите треба да бидат <u>регистрирани во планскиот регион</u> во кој ќе се спроведуваат предложените активности**.

Грантовите за граѓански ангажман мора да придонесат кон **Резултат 1** на Цивика мобилитас: Зголемен граѓански ангажман и доверба во граѓанското општество преку информирани и активни конституенти на ГО вклучени во заеднички граѓански иницијативи. Исто така, **пожелно** е грантовите да бидат во една од приоритетните теми/области на Цивика мобилитас: **социјална инклузија, климатски промени/животна средина, здравје, образование, млади, родова еднаквост и антикорупција.**

Овие грантови треба да **придонесат** за зголемување на **граѓанскиот ангажман** во нивните региони во сите сфери на работа и тоа во обем, длабочина и различност на ангажманот на вклучените луѓе. Ваквите интервенции ќе им овозможат на граѓанските организации да ја зголемат конституентската основа, за нивната кауза кај граѓаните, и потенцијално кај другите општествени чинители. Апликантите се охрабруваат да се фокусираат на подобрување на нивната **достапност** до граѓаните и формалните и неформалните актери, да ги зајакнат и да им овозможат да учествуваат во граѓански иницијативи, а со тоа ќе ја градат самодовербата на граѓаните и на локални организации дека можат да придонесат или да предизвикаат **позитивна промена** во општеството.

Грантовите за граѓански ангажман исто така имаат цел да ги поддржат апликантите да ја зголемат довербата во граѓанското општество воопшто, и особено кон организациите на апликантот. Што повеќе граѓаните ги сметаат граѓанските организации за веро-достојни/легитимни чинители кои ги промовираат интересите на граѓаните во општеството како дополнување на работата на јавниот и приватниот сектор, толку е поголема веројатноста граѓаните да веруваат на граѓанското општество.

Грантовите за граѓански ангажман исто така може да ги поддржат апликантите да ја зајакнат нивната одржливост и да се вклучат во прибирање финансиски средства од домашни извори (како на пример преку групно финансирање (crowdfunding), индивидуални или корпоративни донации, активности за генерирање приходи (на пр. социјални претпријатија) и друга мобилизација на ресурси.

## 2.3. Расположливи средства

Вкупната сума која е на располагање за овој повик за предлози е **900.000 швајцарски франци**. Цивика мобилитас го задржува правото да ја смени оваа сума (намали или зголеми) во зависност од исходот на повикот за предлози. Цивика мобилитас исто така го задржува правото да не додели дел или сите расположливи средства и да ги пренамени за други повици.

## 2.4. Кофинансирање

Во рамките на овој повик за предлози се поттикнува и кофинансирање од други донатори.

# 3. КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ

Во овој повик за предлози има шест групи критериуми за подобност:

1) **Актери**, носителот, партнерите и соработниците (ако е применливо);
2) **Грантови**, максималната големина на грантот, времетраење на активностите;
3) **Активности**, типови на активности кои се поттикнуваат/очекуваат со овој повик;
4) **Трошоци**, видови трошоци кои може да бидат земени во предвид при одредувањето на износот на грантот;
5) **Број на пријави,** бројот на пријави што може да ги поднесат актерите, во улога на носител или партнер
6) **Децентрализација,** апликантите (носители и партнери) мора да бидат регистрирани во истиот плански регион што го избрале во својата пријава и сите активности да се спроведуваат во тој регион.

## 3.1. Актери

### 3.1.1. Апликант носител

За да биде подобен за грант за граѓански ангажман во рамките на овој повик, апликантот носител **мора** да е регистриран во Северна Македонија, и тоа да биде:

- граѓанска организација, регистрирана согласно Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ);
- други невладини, непрофитни, граѓански здруженија како што се истражувачки институти, регистрирани согласно Законот за научно-истражувачка дејност (ЗНИД).

Цивика Мобилитас е отворена кон сите граѓански организации со демократски вредности, верувања и ставови. Цивика мобилитас силно го поттикнува однесувањето кое е во согласност со пристапот базиран на човекови права (Human Rights Based Approach) и промовира принципи на добро управување, како што се демократијата, владеењето на правото, транспарентноста и отчетноста. Според Законот за здруженија и фондации граѓанските организации се обврзани да подготвуваат, доставуваат и објавуваат годишни наративни и финансиски извештаи. Затоа, Цивика мобилитас ќе им даде приоритет на апликантите кои подготвиле, поднеле и објавиле (на својата веб-страница или на друг начин) годишен наративен и финансиски извештај кој ги покрива последните три финансиски години (ако е применливо) согласно ЗЗФ.[1]

Исто така, Цивика мобилитас силно ја поттикнува соработката во граѓанскиот сектор, како на пример преку само-регулација и вклученост во платформи и коалиции. Затоа, Цивика мобилитас ќе им даде приоритет на апликантите кои имаат прифатено/потпишано и активно применуваат кодекси на добри практики (пр. Кодексот на граѓански организации) или други слични механизми применливи во граѓанскиот сектор. Исто така, ќе им се даде приоритет на апликантите кои поддржуваат постоечки или нови граѓански коалиции, мрежи и платформи. Порастот на членството и волонтерите и нивната бројност и разновидност исто така ќе се смета за додадена вредност.

### 3.1.2. Партнери

Пријавите **МОРА** да содржат **ЕДЕН НОСИТЕЛ** и најмалку **ДВА ПАРТНЕРИ**. Партнерите мора да ги исполнуваат истите критериуми за подобност кои се однесуваат на носителот (види горе). Партнерите мора да го потврдат партнерството со носителот преку Изјава за партнерство, односно со одобрување/потврдување на нивната улога преку е-пошта.

### 3.1.3. Соработници

Апликантите се поттикнуваат да вклучат и други соработници.[2] Ова не е задолжително, меѓутоа Цивика мобилитас силно ја поттикнува соработката помеѓу граѓанскиот сектор и властите. Цивика мобилитас ќе им даде приоритет на активностите што ги вклучуваат централните или локалните власти како соработници. Ваквите соработници не можат да добијат директно средства од грантот, но грантовите може да се искористат за олеснување на нивното учество.

## 3.2. Грантови

### 3.2.1. Големина на грантот

Максималниот износ на грантовите е до **5.600.000 денари**. Цивика мобилитас го задржува правото да го смени побараниот износ (да го намали или зголеми во рамки на горе-наведените износи).

Делот од буџетот предвиден за **носителот** на грантот не смее да надминува **40%** од вкупниот буџет.

### 3.2.2. Времетраење

Времетраењето на грантовите не може да биде помалку од 24 или повеќе од 28 месеци.

---

[1] Ова значи дека апликантот има изготвено годишни финансиски извештаи (завршна сметка) во законски пропишаниот образец и ги има доставено овие финансиски извештаи до Централниот регистар

[2] Примери за соработници од јавниот сектор се: Собрание, министерства, државни агенции, државни органи (совети и сл.) општини (градоначалници и советници), народен правобранител, судови, јавен сервис, државни претпријатија, универзитети, училишта итн. Други примери на соработници се академски институции, приватни компании, банки, медиуми, академски и образовни институции.

## 3.3. Активности

Сите грантови мора да се однесуваат на точка 2.2. Приоритети на овој повик за предлози. Предложените акции/активности треба да го зголемат знаењето и довербата во граѓанското општество од страна на **граѓаните.**

За време на развојот на пријавата и акциите/активностите, апликантите треба ги вклучат во процесот нивните конституенти, да ги соберат нивни размислувања и предлози за дизајнот на оваа акцијата и да го покажат тоа со вклучување на тие **предлози/приоритети** во пријавата. Дел од буџетот на грантот треба да се распредели за акции/активности избрани како приоритетни од страна на конституентите/граѓаните кои треба да се спроведат во нивниот регион.

Пријавите треба да вклучуваат конкретни активности за ангажман на граѓаните, како зајакнување на вклученоста и учеството на граѓаните во управувањето на ГО (на пример: собранија), раководењето (извршни директори, персонал) и операции (како членови, донатори, волонтери, учесници или кој било друг вид на вклученост); привлекување граѓани во граѓански простори; овозможување активно вклучување на граѓаните во планирањето, спроведувањето, следењето, оценката и известувањето за проектите; промовирање на позитивни содржини за граѓанските организации; и вклучување на граѓаните во мобилизација на ресурси.

Конституентите – планираните корисници треба да бидат **активно вклучени** во процесот на развивање на предложените интервенции или проектни активности. Ваквиот активен граѓански ангажман **треба да биде објаснет** и **документиран** во пријавата со проверливи и веродостојни документи. Граѓаните и/или крајните корисници треба да бидат вклучени, колку што е можно во спроведувањето и набљудувањето на активностите и резултатите.

Како дел од активностите и буџетот на грантовите за граѓански ангажман, апликантите мора да вклучат еден регионален **настан** на Цивика мобилитас (или граѓанско општество). Овие настани (на пример: фестивали, саеми, вклучувајќи и виртуелни настани, итн.) граѓанските организации треба да ги користат како платформи за презентирање на нивните организации, луѓе, цели и постигнувања. Секој грантист ќе треба да организира најмалку еден регионален настан поврзан со нивниот одобрен грант во формат, рамка и дизајн што го претпочитаат. Овие настани мора да се организираат во тесна соработка со Цивика мобилитас.

## 3.4. Трошоци

Во рамките на овој повик, најголем дел од вообичаените трошоци ќе бидат **подобни**, вклучително:

- Директни трошоци за предложените активности, настанати за време на спроведувањето на грантот за граѓански ангажман.
- Трошоци за бруто-плати за персоналот вклучен во спроведување на предложените активности;
- Дел од редовните оперативни трошоци на граѓанските организации (канцелариски трошоци, наемнина, струја/затоплување, телефонски сметки, итн.) кои се релевантни за предложените грантови за граѓански ангажман;

Износот на оперативните и трошоците за бруто-плати на персоналот се препорачува да биде **пропорционален** на директните трошоци и до 50% од вкупниот износ на овие три буџетски ставки (човечки ресурси, оперативни трошоци и директни трошоци).

Корисниците на грант за граѓански ангажман се обврзани да направат надворешна проектна ревизија на наменската сметка и финансиските извештаи за времетраењето на договорот за грант. Затоа, апликантите мораат да вклучат трошоци за една независна проектна финансиска ревизија. Цивика мобилитас препорачува да се планираат трошоци за надворешна ревизија во висина од околу 3% од бараната сума за грант за граѓански ангажман.

Исто така, грантистите треба да вклучат трошоци за учество на најмалку еден претставник од носителот и по еден од партнерите на годишните настани на Цивика мобилитас: Национален форум и Средба за вмрежување, за времетраење на грантот.

За грантовите за граѓански ангажман на Цивика мобилитас, следните трошоци **нема да се сметаат за подобни**:

- Трошоци за активности кои се завршени до/на денот на потпишување на договорот за грант за граѓански ангажман;
- Трошоци, кои се финансиски поддржани од друг донатор;
- Финансирање на основните трошоци на носителот или неговите партнери кои не се поврзани со проектните активности и цели (на пример, кога целиот буџет е наменет за основни организациски трошоци);
- Проекти кои поддржуваат политички партии или политички кампањи;
- Купување опрема, мебел и друг инвентар кој не е поврзан со проектните активности и цели;
- Набавка на возило;
- Купување или реновирање (делумно или во целост) на недвижнини (земја, згради, итн.) кои не се поврзани со проектните активности и цели;
- Давање кредити на трети лица;
- Загуби при размена на валути;
- Долгови и давачки за подмирување на долгови;
- Активности поврзани само или во најголемиот дел со индивидуални спонзорства за учество во работилници, семинари, конференции и конгреси и други настани;
- Ре-грантирање.

### 3.5. Број на пријави

Актерите треба да знаат дека на овој повик можат да поднесат самo една пријава во улога на носител или партнер. Во случај ако организацијата поднесе повеќе од една пријава без разлика дали е во улога на носител или партнер, Цивика мобилитас автоматски ќе ги одбие **сите пријави** во кои е вклучена таа организација.

## 4. ПРОЦЕС НА АПЛИЦИРАЊЕ ЗА ОВОЈ ПОВИК ЗА ПРЕДЛОЗИ

### 4.1. Аплицирање

Процесот за аплицирање е **целосно он-лајн**. Сите апликанти (носители и партнери) мора да се регистрираат на следната платформа: **www.grants.mk**. По регистрација, само апликантот НОСИТЕЛ треба да се пријави на овој повик за предлози и да започне со **пополнување** на пријавата и прилозите. Апликантот НОСИТЕЛ **мора** да ги додаде партнерите (со нивните единствени матични броеви и нивната е-пошта) кои ќе треба да го потврдат партнерството преку конфирмација која ќе биде побарана на нивната е-пошта (внесена при регистрација на платформата). Оваа потврда ќе се смета за доказ за Изјава за партнерство.

Овој формат за аплицирање се состои од целосна пријава и прилози:
**ДЕЛ А:** ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ, претставување на апликантите (носител и партнери); соработник(ци), доколку ги има; претходно меѓусебно искуство, доколку има; заеднички постигнувања, доколку има; заедничка визија и мисија.
**ДЕЛ Б:** ГРАНТ ЗА ГРАЃАНСКИ АНГАЖМАН, составен од резиме на грантот; релевантност; дизајн, пристап, додадена вредност и трансверзални теми.

**ПРИЛОЗИ:**

- Логичка рамка
- Буџет и оправданост на трошоци
- Временска рамка
- Проверливи докази за граѓански ангажман
- Набљудување, евалуација, известување и учење
- Влијание на животна средина (CEDRIG LIGHT)
- Резиме на англиски јазик
- Изјави за партнерство и доказ за правен статус на апликантот и партнерите (тековна состојба), не постара од шест месеци од денот на објавувањето на овој повик (12 февруари 2024 г.);

Сите делови од форматот за пријава мора да бидат пополнети, како и прилозите.
Пријавата се пополнува онлајн на веб страна grants.mk на македонски јазик. Апликантите може да прикачат и дополнителна верзија од пријавата и незадолжителните прилози: (во ворд и ексел формат) на веб страна grants.mk - секција: документи

**Задолжителни** документи/прилози кои треба да се **прикачат** се: Прилог 1. Логичка рамка; Прилог 4. Проверливи докази за граѓански ангажман; Прилог 5. Следење, оценување, известување и учење; Прилог 6 Влијание на животна средина (CEDRIG LIGHT); Прилог 7. Резиме на англиски јазик; Прилог 8. Изјави за партнерство; и изјава од носител и Тековни состојби на апликантите (носител и партнери).

Незадолжителни документи/прилози кои може да се прикачат како дополнителни верзии: Пријава; Прилог 2. Буџет и оправданост на трошоци; Прилог 3. Временска рамка;

## 4.2. Краен рок

Краен рок за поднесување на пријавите е **12 април 2024 г. до 13:00 часот** (македонско време). Апликантите ќе бидат известени преку е-пошта за приемот на нивната комплетирана пријава. Цивика мобилитас ќе прифаќа само пријави кои се поднесуваат преку платформата www.grants.mk. Цивика мобилитас нема да прифаќа пријави доставени по редовна пошта или рачна достава.

## 4.3. Прашања и одговори

Линијата за поддршка на Цивика мобилитас им е на располагање на потенцијалните апликанти за прибирање и одговарање прашања поврзани со овој повик за предлози.

Прашањата мора да бидат поднесени на следната адреса: helpdesk@civicamobilitas.mk. Во назнака на пораката треба да се внесе референтната ознака за овој повик (ЦМ-ГГА). Прашања може да бидат поставени и преку веб-страницата на Цивика мобилитас (www.civicamobilitas.mk)

Прашањата може да бидат поднесени не подоцна од 10 календарски дена пред крајниот рок за овој повик за предлози. Цивика мобилитас нема обврска да обезбеди одговор на прашањата кои ќе бидат поднесени по овој рок.

Цивика мобилитас ќе одговори на сите прашања, не подоцна од 3 календарски денови пред крајниот рок на овој повик. Одговорите на сите поставени прашања ќе бидат објавени на веб-страницата на Цивика мобилитас на следнава адреса: https://civicamobilitas.mk/povici/cm-gga/

Цивика мобилитас ги поттикнува апликантите редовно да ги следат нејзините веб и Фејсбук страници, за да бидат навремено и соодветно информирани за најновите прашања/одговори.

## 4.4. Информативни средби

Цивика мобилитас ќе одржи **осум** информативни средби за овој повик за предлози. Целта на овие средби е да се разговара за идеи, да се вмрежува, да се сподели искуство и да се разјасни секое барање или прашање во врска со овој повик. Ве молиме редовно да ја следите веб-страницата на Цивика мобилитас за да се информирате за датуми, локации час и евентуални промени во врска со информативните средби.

## 5. ОЦЕНКА

Цивика мобилитас ќе ги оценува пријавите и ќе ја провери подобноста на апликантите на следниот начин:

### Чекор 1 – Административна проверка и проверка за подобност

Цивика мобилитас ќе го провери административниот квалитет на пријавите и подобноста на апликантите по следните критериуми:

- **Краен рок.** Доколку е испочитуван, пријавата ќе се прифати, доколку рокот не е испочитуван, пријавата ќе се одбие (иако е примена);
- **Пријава.** Сите делови се пополнети со бараните податоци (основни информации и одговори на прашања)
- **Јазик.** Предложената пријава е поднесена на македонски јазик;
- **Изјави за партнерство.** Потврдени преку е-пошта.
- **Апликант**. Носителот и партнерите се регистриран со правниот статус наведен во Делот 3 од овој Водич.
- **Барањето за грант** е до 5.600.000 денари.
- **Времетраење** на грантот е помеѓу 24 и 28 месеци.
- **Број на пријави** Апликантот (носител и партнери) поднел само една пријава.
- **Доказ за правен статус.** Тековни состојби не постари од шест месеци од денот на објавување на овој повик.

Цивика мобилитас ќе ги провери и обработи следниве податоци:

- **Основни податоци.** Пријавата ги вклучува сите побарани основни податоци;
- **Географски.** Пријавата ги содржи бараните податоци за географската локација на носителот и партнерите, и се во согласност со приоритетите на овој повик за предлози.

### Чекор 2 – Оценување на пријавите

Комисијата за избор на грантови ќе ги оценува пријавите според следнава табела:

| | |
|---|---|
| **1. Релевантност** (јасно објаснување и анализа на ситуацијата и проблемот; јасно опишано предложено решение и договорени приоритети; детално објаснет граѓански ангажман - прифаќање на граѓаните и нивно вклучување; објаснето значење за регионот на активностите и специфичната тема/област) | 25 |
| **2. Дизајн и предложени активности** (јасна општата цел, специфичната цел и резултати, јасни и разбирливи планирани активности, продукти и одговорности; објаснета и разбирлива поврзаност во однос на општата цел на Цивика мобилитас и директно кон резултат 1 и неговите индикаторите од оваа програмата) | 25 |
| **3. Капацитет и способност на апликантите** (профили на носителот и партнерите, капацитет и искуство за управување и спроведување на предложената акција/активности; пристап – организациска структура и соработка; планирано информирање, комуникација и достапност; планирано набљудување, оценка и известување; јасно прикажани претпоставки и ризици) | 25 |
| **4. Додадена вредност и трансверзални теми** (добри практики, иновативност, пристап заснован на човекови права, родова еднаквост итн.) | 15 |
| **5. Буџет** (активности соодветно пресликани во буџетот, јасно и разбирливо оправдување на трошоците) | 10 |
| **Максимум бодови** | **100** |

**Добитно портфолио** на грантови за граѓански ангажман се оние кои ќе добијат најголема просечна оценка од петте точки од горната табела за оценување. Комисијата за избор на грантови **може да примени „тежински фактори“** со цел да се опфатат сите осум плански региони со најмалку еден грант за граѓански ангажман и да се опфатат некои или сите специфични теми/области од овој повик за предлози и да постигне подобар баланс на добитници на грантови како што е наведено во приоритетите на овој повик.

## 6. АДМИНИСТРАТИВНА, ПРАВНА И ФИНАНСИСКА ВЕРИФИКАЦИЈА

Следејќи го прелиминарниот избор на предлози од страна на Комисијата за избор на грантови, Цивика мобилитас ќе ја верификува административната, правната и финансиската подобност на апликантите. За таа цел, од сите апликанти чиишто предлози ќе бидат прелиминарно одобрени, може да биде побарано да ги доставаат следните административни, правни и финансиски документи:

1. Статут и/или други акти на основањето;
2. Копии од годишните финансиски извештаи (или завршни и др.) за последните три години, 2021, 2022, 2023;
3. Доказ за капацитетите на апликантот вклучувајќи и референци (извештаи, договори, сертификати итн.).
4. Други документи релевантни за грант за граѓански ангажман.

Цивика мобилитас ќе постави краен рок за поднесување на овие документи. Доколку апликантите не ги поднесат документите во тој рок, Цивика мобилитас може да ја одбие пријавата.

Цивика мобилитас ќе побара од грантистите да отворат **наменска сметка** за грантот и да имаат најмалку два потписника на оваа сметка, како и да практикуваат врзани потписи за сите исплати од сметката. Исто така се очекува од грантистите да соработуваат со останатите грантисти на Цивика мобилитас, да споделуваат знаење и искуства, како и да учествуваат во активностите на Цивика мобилитас.

## 7. ДОДЕЛУВАЊЕ ГРАНТ

Цивика мобилитас ќе ги информира сите апликанти кои ќе бидат препорачани од Комисијата за избор на грантови. Цивика мобилитас ќе ги информира и сите апликанти, кои се одбиени од административни или други причини.

## 8. ПРЕЛИМИНАРНА ВРЕМЕНСКА РАМКА

| | |
|---|---|
| Отворање на повикот за предлози | 12 февруари 2024 г. |
| Информативни средби (8) | март 2024 г. |
| **Краен рок за поднесување на пријави** | **12 април 2024 г., 13:00 ч.** |
| Одлука на Комисијата за избор на грантови | април/мај 2024 г. |
| Известување на избраните апликанти и одбиени апликанти | мај/јуни 2024 г. |
| Потпишување договори | јуни 2024 г. |

Ве молиме имајте предвид дека оваа временска рамка може да се промени. Цивика мобилитас може да ја ажурира временска рамка во било кое време. Поради тоа, ги поттикнуваме апликантите редовно да ја проверуваат веб-страната: https://civicamobilitas.mk/povici/cm-gga/

## 9. ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

Одлуката на Комисијата за избор на грантови е конечна.

Апликантите коишто имаат забелешки на процесот или оценувањето, може да поднесат барање за појаснување до Цивика мобилитас, кое мора да биде во пишана форма, во рок од 10 дена по приемот на писмото за одбивање, на следната електронската адреса: feedback@civicamobilitas.mk. Поднесувањето приговор нема да ја одложат или променат одлуката на Комисијата за избор на грантови.

## 10. ЛОГИЧКА РАМКА НА ЦИВИКА МОБИЛТИАС

| *Логика на интервенција* | *Показатели (почетна вредност, цел)* | *Извори на верификација* | *Претпоставки и Ризици* |
|---|---|---|---|
| **Општа цел:**<br>*Општествените промени во Северна Македонија се водени од силен граѓански сектор, активни граѓани и добра соработка со властите, што резултира со проширен граѓански простор, поодржливи граѓански организации од кои произлегува потранспарентно, отчетно и социјално-инклузивно управување на национално и локално ниво* | **Показател ОЦ.1: Граѓанскиот простор е проширен,** физичките, виртуелните, правните, регулаторните и политичките простори каде граѓаните можат безбедно да ги остваруваат своите права и слободи на мирно собирање, здружување и изразување<br>Почетна вредност за показател ОЦ.1: Граѓанскиот простор во Македонија е стеснет (2021),<br>Цел за показател ОЦ1: Граѓанскиот простор во Северна Македонија се шири, но останува стеснет (2026)<br>**Показател ОЦ.2: Одржливост на ГО.** Севкупното ниво на развој на граѓанското општество, силата, одржливоста и перформансите на граѓанските организации е зголемено.<br>Почетна вредност за показател ОЦ.2: Одржливоста на ГО се развива (оценка 3,6. во 2021 година на скала од 1 - 7 (1 е најдобро) (2021)<br>Цел за показател ОЦ2: Одржливоста на ГО се подобрува на 3,5 (2026), но останува во развојна фаза<br>**Показател ОЦ3: Перцепција на влијанието** на граѓанското општество врз општествените и политичките грижи<br>Почетна вредност за показател ОЦ3: 51.2 (2021)<br>Цел за показател ОЦ3: 55 (2026) | **ИВ ОЦ.1: ,** Civicus Monitor Live National Civic Space Rating[3]<br><br>**ИВ ОЦ.2:** Индекс за одржливост на ГО[4]<br><br>**ИВ ОЦ.3:,** Индекс на Граѓанско општество[5] | |
| **Резултат 1:** Зголемен граѓански ангажман и доверба во граѓанското општество преку информирани и активни конституенти на ГО вклучени во заеднички граѓански иницијативи | **Показател Р1.1.** Зголемен опсег, длабочина и разновидност на општествениот и политичкиот (граѓански) ангажман на граѓаните.<br>Почетна вредност за показател Р1.1. 45.9 (2021)<br>Цел за показател Р.1.1. 47 (2026)<br>**Показател Р1.2. Доверба во ГО**. Овозможувачката средина за ГО на национално ниво зависи од нивото на вистинска доверба на конституентите во граѓанското општество.<br>Почетна вредност за показател Р1.2. Ниво на доверба во ГО 48,3 (2021)<br>Цел за показател Р.1.2. Зголемено ниво на доверба во ГО изнесува 50% (2026)<br>**Показател Р1.3. Финансирање (Донации).** Собрани финансиски средства, покрај донаторските (од поединечни донации, e-crowd донации, приватен сектор, членарина итн.)<br>Почетна вредност за показател Р1.3: ГО добиваат 29.7% од вкупните донации во 2020 во Северна Македонија<br>Цел за показател Р.1.3: најмалку 10% покачување од почетната вредност до 2026 | **ИВ Р1.1:,** CIVICUS Индекс на Граѓанско општество<br>**ИВ Р1.2:** (Дво)годишна анкета на МЦМС за Доверба во институциите, граѓанското општество и ГО<br>**ИВ Р1.3:** Годишен извештај на Catalyst Balkan | ГО се способни да се справат со нивните преостанати слабости.<br><br>Граѓаните се мотивирани за поголемо учество во граѓанското општество |

[3] Civicus (live) Monitor ја следи состојбата со граѓанскиот простор во сите земји во светот : https://monitor.civicus.org/country/macedonia/
[4] Годишна анкета за одржливост на ГО финансирано од USAID и имплементирано д различни локални организации https://csosi.org/
[5] Индекс на Граѓанско општество (ИГО) е алатка за проценка на состојбата на граѓанското општество во било која земја развиена од CIVICUS/Cambridge University во 2004 година.). Нејзиниот „дијамант" претставува 5 димензии кои се следат (0-100%): околина опкружување); (практикување) вредности; (граѓански) ангажман; (ниво на) организација и (перцепција) на влијание. МЦМС го спроведува индексот на граѓанско општество од 2006 година во редовни петгодишни интервали. Последниот аналитички извештај (за 2021) изработен од тимот на Цивика мобилитас е достапен на: https://civicamobilitas.mk/wp-content/uploads/2022/12/annex-11-csi-2021.pdf

| *Логика на интервенција* | *Показатели (почетна вредност, цел)* | *Извори на верификација* | *Претпоставки и ризици* |
|---|---|---|---|
| **Резултат 2:** Креирањето политики и донесувањето одлуки имаат придобивки од зајакнатото граѓанско општество и зголеменото граѓанско учество. | **Показател Р2.1.** Отвореност на процесите на креирање политики (закони/законски измени)<br>Почетна вредност за показател Р2.1: Учество на ГО во креирањето политики и донесувањето одлуки – 3,4 на скала од 1-5 (1 најлошо) во 2021 година<br>Цел за показател Р.2.1: Зголемување на 4 до 2026<br><br>**Показател Р2.2.** ГО ги користат (квалитетно) можностите овозможени од државата за рано учество во процесите на креирање политики и донесување одлуки.<br>Почетна вредност за показател Р2.2: ќе се дефинира откако ќе се доделат грантовите<br>Цел за показател Р.2.2: 50% прифаќање/усвојување на политички и законски предлози поднесени од страна на ГО до државните институции до крајот на 2026.<br><br>**Показател Р2.3. Кодекс на добри практики на ГО** – повеќе потписници на Кодексот на добри практики и негова примена од ГО<br>Почетна вредност за показател Р2.3: 92 ГО го имаат потпишано Кодексот на добри практики.<br>Цел за показател Р.2.3а: зголемување до 150 ГО до 2026<br>Цел за показател Р.2.3б: 100 ГО го применуваат Кодексот на добри практики | **ИВ Р2.1:** Матрицата за следење на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество - област 3.2: Вклученост на граѓанското општество во процесите на креирање политики и носење одлуки<br><br>**ИВ Р2.2а:** Аналитички извештаи/ наоди создадени за време на подготовките на целосни пријави<br><br>**ИВ Р2.2б:** доставени извештаи од избраните грантисти (со нивни постигнувања); посети за мониторинг;<br><br>**ИВ Р2.3а**: Кодекс(и) на добри практики во граѓанскиот сектор<br>**ИВ Р2.3б:** доставени извештаи од избраните грантисти (со нивни постигнувања); посети за мониторинг; | Јавните институции се отворени за размена на информации, советувања и дијалог со ГО во областа на итни реформи и областа на реформи во граѓанското општество<br><br>Отвореноста на институциите од јавниот сектор кон граѓанското општество води кон вистински напредок за темите и прашањата покренати од ГО |
| **Резултат 3:** Околината за развој на граѓанското општество е подобрена особено во областа на диверзификација на финансирањето (јавно и приватно) за граѓанското општество | **Показател Р3.1.** Околината за развој на граѓанското општество е подобрена.<br>Почетна вредност за показател Р3.1: Според ИГО од 2021, изнесува 55,6 и спаѓа во категоријата средно ниво (до 60).<br>Цел за показател Р.3.1: зголемување од најмалку 58 до 2026<br><br>**Показател Р3.2.** Целосен систем **за јавно финансирање на ГО** – системот за јавно финансирање на ГО постои и добро функционира<br>Почетна вредност за показател Р3.2: Не постои ваков систем<br>Цел за показател Р.3.2: Воспоставен целосен систем за јавно финансирање на ГО до 2026<br><br>**Показател Р3.3. Јавното финансирање** за ГО е зголемено и се доделува на транспарентен начин<br>Почетна вредност за показател Р3.3: Јавното финансирање за 2021 изнесува околу 10 милиони евра<br>Цел за показател Р.3.3: Зголемува на околу 30 милиони евра до 2026 | **ИВ Р3.1:** CIVICUS Индекс на граѓанско општество (или алтернативно Матрица за следење на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество)<br><br>**ИВ Р3.2:** Годишен извештај за државно финансирање на ГО објавен од Одделението за соработка со граѓанското општество<br><br>**ИВ Р3.3:** Годишен буџет и годишна завршна сметка (извештај за реализација на буџет); буџетите на општините | Северна Македонија ќе продолжи со европската интеграција<br><br>Властите соработуваат со граѓанскиот сектор и ја почитуваат нивната слободата на здружување, собирање и изразување.<br><br>Финансиската состојба на државата ѝ дозволува да го зголеми финансирањето за граѓанскиот сектор |